АНТОН ПАВЛОВИЧ ЧЕХОВ

# СМРТТА НА ЧИНОВНИКОТ

(Превела од руски Димка Митева)

Скопје 2002

Димка МИТЕВА Преводи

# АНТОН ПАВЛОВИЧ ЧЕХОВ – СМРТТА НА ЧИНОВНИКОТ

I и II издание, Скопје 2002, 6 стр. Превод од руски.

ISBN 9989-2102-0-9

COBIS-ID 0

Во една убава вечер не помалку убавиот екзекутор (извршител), Иван Дмитрич Червјаков, седеше во вториот ред од фотелјите и ги гледаше со бинокл „Корневилските камбани“. Гледаше и се чувствуваше на врвот од блаженството. Но наеднаш... во расказите често се среќава тоа „наеднаш“. Авторите се прави: животот е толку полн изненади! Но наеднаш лицето му се смрешти, очите му се подзатворија, дишењето му запре... го истави дурбинот од очи(те), се наведна и... апчхи!!! Кивна како што гледате. Кивањето никому и никаде не му е забрането. Киваат и мужиците, и шефовите на полицијата а понекојпат (може: и понекогаш) дури и тајните советници. Сите киваат. Червјаков ни најмалку не се збуни, се избриша со шамичето и како учтив човек погледна околу себе си: да не би вознемирил (обеспокоил) некого со своето кивање? И тука веќе се збрка. Тој виде дека старчето што седеше пред него, во првиот ред од фотелјите, грижливо си ја брише ќелавата глава и вратот со нараквицата и притоа нешто мрмори. Во старчето Червјаков го препозна цивилниот генерал Бризжалов којшто работеше во Министерството за сообраќај.

„Го испрскав! – си помисли Червјаков. – Не ми е шеф но сепак е незгодно. Треба да се извинам“.

Червјаков се накашла, се поднаведна со трупот напред и му зашепоти на генералот на уво:

– Извинете, ваше-ство, ве испрскав... случајно.

– Ништо, ништо...

– Жими бога, извинете. Верувајте не сакав!

– Ах, седнете, ве молам! Оставете ме да слушам!

Червјаков се збрка, глупо се насмевна и почна да гледа на сцената. Гледаше, но веќе повеќе не чувствуваше блаженство. Почна да го мачи неспокојство. Во паузата тој се приближи кон Бризжалов, поодил малку покрај него и штом го надви стравот, промрморил:

– Ве испрскав, ваше-ство... Простете. Јас навистина... сосем случајно.

– Ах, глупости... Јас веќе сум заборавил, а вие сè за тоа! – рече генералот и нестрпливо му заигра долната усна.

„Заборавил а очине му се полни со злоба – си помисли Червјаков, подозриво погледнувајќи го генералот. – И нејќе да зборува. Би требало да му објаснам дека јас воопшто нејќев... дека тоа е природен закон, а вака ќе си помисли дека сум сакал да го плукнам. Сега можеби и не ќе помисли, но после ќе си помисли...“

Дојдувајќи дома, Червјаков ѝ раскажа на жена си за тоа што му се случило. А жената како што му се стори премногу лекомислено се однесе кон случката; а таа сама се исплаши, но потоа кога разбра дека Бризжалов не му е шеф се успокои (се смири).

– Па сепак појди извини му се – рече таа. Ќе си помисли дека не умееш да се држиш меѓу свет!

– Токму таму е работата! Јас му се извинував а тој некако чудно... Ниеден добар збор не рече. Па и немаше кога да се разговара.

Утредента Червјаков го облече новиот виц-мундир [,пред Револуцијата униформа (фрак) на цивилните чиновници‘] се потстрижа и тргна кај Бризжалов да му објасни... Влегувајќи во приемната од генералот, тој виде таму многумина молители а меѓу молителите и самиот генерал, којшто веќе беше почнал да ги прима молбите. Генералот откако ислуша неколкумина молители, го сврте погледот и кон Червјаков.

– Вчера во „Аркадија“ ако се сеќавате, ваше-ство, – почна да рапортира егзекуторот (извршителот), – јас кивнав и ... сосем случајно ве испрскав... Изв...

– Какви глупости... Господи боже што! А вие што сакате? – се обрати генералот кон следниот молител.

„Нејќе да зборува! – си помисли Червјаков, пребледнат. – Значи се лути. Не, ова не може вака да остане... Ќе му објаснам...“

Кога генералот го заврши разговорот со последниот молител и тргна кон внатрешните простории, Червјаков зачекори по него и промрмори:

Ваше-ство! Ако се осмелувам да го беспокојам вашество, тоа го правам можам да кажам токму поради чувството на каење!.. Не нарочно повелете сам да се уверите во тоа!

На генералот му стана лицето плачливо и тој одмавна со рака.

– Ами вие просто се потсмевате, драги господине! – рече тој и се скри зад вратата.

„Ама какво ти потсмевање? – си помисли Червјаков. – Нема тука никакво потсмевање! Генерал, а не може да разбере! Кога е така нема повеќе да се извинувам на тој

фанфарон! (Зборот фанфарон не е познат во македонската средина па и пошироко. Читателот не би можел да ја разбере оваа фраза на Червјаков // фанфарон ,човек којшто се перчи и ги истакнува своите божемни квалитети‘.) Ѓавол да го земе! Ќе му (на)пишам писмо, а пак да одам – нема! Жими бога не одам!“

Така си мислеше Червјаков одејќи си дома. Писмо на генералот не му напиша. Мислеше, мислеше но никако не можеше да го смисли тоа писмо. Утредента требаше сам да појде и да му објасни.

– Јас вчера доаѓав да го беспокојам ваше-ство, – замрмори тој, кога генералот го сврте кон него прашалниот поглед – не за да се потсмевам како што ве повеливте да кажете. Јас се извинувам што кивнувајќи ве испрскав... а за да се потсмевам и не сум помислил. Смеам ли јас да се потсмевам? Ако се потсмеваме, тогаш значи никаква почит кон личностите... ќе немаме...

– Надвор!!! – сцрка одеднаш генералот, помодрен и растреперен.

– Што? – праша со шепот Червјаков – премирајќи од ужас.

– Надвор!! – повтори генералот и ступоти со нозете.

Во стомакот на Червјаков нешто се скина. Ништо не видувајќи, ништо не слушајќи, тој зачекори назад кон вратата, излезе на улица и се затетерави (запорева). Дома дојде и сам не знае како и без да го свлече виц-мундирот легна на канабето и... умре.